Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 114, 2 декември 2013 година

декември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од д-р Нако Ташков, д-р Никола В. Димитров и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по Хотелиерство“ од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија - одбрани теми“ за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија со нега“ за студентите на Високата здравствена школа, тригодишни студии за физиотерапевти, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Вовед во фармација“ од доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)“ од доцент д-р Јанка Димитрова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување“ од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство” од проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Архитектура на компјутери“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и асс. м-р Тодор Чекеровски, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Автоматизација и процеси“ од доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата ........ 57

**ПРИГОВОР** поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 58

**ОДГОВОР** по Приговор поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕЦЕНЗИЈА НА ТРУДОТ**

1. **Наслов на скриптата: ВОВЕД ВО ФАРМАЦИЈА**
2. **Име и презиме на авторот на трудот: доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска**
3. **Име и презиме на рецензентите: проф. д-р Билјана Ѓоргеска проф. д-р Емилија Јаневиќ**
4. **Значење на предметот кој се обработува во скриптата**

Скриптата претставува основна литература за изучување на предметот Вовед во фармација што се изучува на Студиската програма за фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и основна цел е:

- да им овозможи на студентите да ги разберат обемот и суштината на практичната работа на фармацевтот и неговото место во системот на здравствената заштита, индустриското производство, регулаторните тела и истражувачката работа;
- да се развие рационален пристап на проблемите во праксата, заснован на докази изведени од научни истражувања.

Материјалот во скриптата овозможува студентите да стекнат знаења и познавања од:

- значењето и развојот на фармацијата;
- основните поими и дефиниции што се користат во фармацевтската пракса;
- здравствениот систем на Република Македонија и местото на фармацевтскиот сектор;
- основите на здравствениот систем на земјите од Европската унија и регулативата што се однесува на фармацевтскиот сектор;
- принципите на фармација базирана врз докази;
- професионалните задачи што може да ги врши фармацевтот;
- законите и подзаконските акти што ги регулираат сите аспекти на лековите и државните органи надлежни за нивно спроведување и надзор;
- правата и обврските на фармацевтот согласно со законската регулатива;
- методите на издавање на лековите и комуникацијата со пациентот;
- разбирање на потребите и правата на пациентот.

5. **Оригиналност на трудот со проценка за придонесот врз развојот на научната мисла**

Трудот, според својата содржината и начинот на разработката и оригиналниот начин на разработка на тематските единици, претставува дело кое овозможува постигнување на голема ефикасност во воведување на студентите по фармација во профилот сопствената професија.

6. **Други трудови за ист или сроден предмет со компонирање оценка за квалитетот на трудот**

Кај нас до сега не објавени ниту учебници, ниту учебни помагала и скрипти од оваа област што на студентите по фармација би им овозможиле на еден пристапен начин со научни факти се запознаат со основите на кој понатаму се развива и гради професијата фармацевт.

Поради својата содржина, а и начинот на кој е напишана скриптата ќе биде материјал кој може да биде од интерес и на другите здравствени работници кои доаѓаат во контакт со имплементацијата на фармацевтската практика.

7. **Соодветноста на применетата методологија**

Трудот е изработен на начин кој овозможува систематичност во презентирањето на фактите базирани на методите на научноистражувачката работа со најсоодветен начин направена научна проценка на имплементацијата на законската регулатива, како националната, така и европската и меѓународно призната.

8. **Научната заснованост на експликацијата на заклучоците**

Заклучоците наведени во трудот се резултат на методологијата на научното истражување.

9. **Стручна композиција на трудот**

Скриптата обработува содржини значајни за имплементацијата на фармацевтската практика и е поделен на тринаесет тематски единици кои детално ги опишуваат целите и нивното значење и тоа:

I. Предмет на фармацијата: дефиниции и професионални можности – во која се разработуваат и дефинираат основните поими во фармацијата како научна и стручна дисциплина што ги проучува подготовката односно производството на лековите, постапката за снабдување на населението со лекови, како и давање – давање на информации за лековите на стручната и општата јавност.

II. Развиток на фармацијата (стар, среден и нов век) и најважни достигнувања на фармацијата во 19 и 20 век кои како податоци треба да бидат од големо значенине за секој фармацевт заради точното дефинирање на професијата фармацевт и улогата во денешното современо општество.

III. Законски рамки на уредувањето на фармацевтскиот сектор во Република Македонија кој ги опфаќа сите законски и подзаконски акти кои се однесуваат на правилното функционирање на фармацевтската пракса во Република Македонија и вистинското место на фармацевтот во здравствениот систем во земјата.

IV. Меѓународни прописи од областа на фармацијата и процеси на меѓународна хармонизација – овој дел дава преглед на Европската регулатива која се однесува на фармацијата, како и останатите меѓународни прописи кои директно или индиректно може да влијаат на функционирањето на системот за имплементација на добрата фармацевтска пракса, претставени се процесите на хармонизација на техничките барања за регистрација на лековите и насоките кои се препорачуваат за лековите кои се применуваат во хуманата медицина,

V. Добрите пракси како важен дел од меѓународните прописи за лековите во националната регулатива. Оваа тематска единица дава преглед на регулирање на важни подрачја од областа на лековите и фармацевтската пракса кои постојат повеќе години како дел од националното законодавство со различен степен на обврзаност за примена или, во последните години, како дел од хармонизираниот меѓународен систем за обезбедување на повисок квалитет, безбедност и ефикасност на лекот.

Во овој дел се опфатени и разработени принципите на Добрата производствена пракса (ДПП), Добрата лабораториска пракса (ДЛП), Добрата пракса во складирањето (дистрибуцијата), Добра пракса во трговијата и дистрибуцијата на појдовните фармацевтски материјали (суровини) – СЗО, Добра аптекарска (фармацевтска) пракса

VI. Вовед во фармација заснована на докази – како важен сегмент кој заедно медицината базирана на докази подразбира употреба на докази добиени со помош на научни методи кои се користат за информација за ризиците и корista на медицинскиот третман. Во овој дел се врши дефинирање на доказите, нивната класификација, категориите на препораки, статистичките мерења кои се користат во медицината базирана на докази, квалитетот на објавените клинички испитувања, ограничувањата, ефективноста. Во делот за фармацијата базирана на докази посебен осврт има на методологијата која се користи за испитување на квалитетот на здравствената грижа, аспекти на здравствената економија и на главните лимитирачки фактори за примената на фармација заснована на докази.

VII. Професија-фармацевт – тематска единица која детално се осврнува на улогата на фармацевтот, следењето на лековите, следење на несаканите дејства на лековите, фармацевтската грижа и нивната правилна имплементација во здравствениот систем на секоја земја.

VIII. Учење и обука – е тематска единица која го разработува системот за правилно образование, стекнување на професионални знаења според современите стандарди, лиценцирањето, континуираната едукација и самоедукација, како и стручните усовршувања како континуирана постапка на стекнување на нови знаења и нови практични вештини во периодот на важењето на лиценцата за работа.

IX. Асоцијации на фармацевтите – претставени се професионалните асоцијации на меѓународно, државно и локално ниво, според полето на интерес и заедничките цели.

Целта на здружувањето е зајакнување на фармацевтската професија преку заедничко делување и размена на информации

X. Готов лек – тематска единица во која детално се објаснети настанувањето на лекот, начинот на реализација на претклиничките и клиничките испитувања, што се тоа патентни и генерички лекови, како и начинот за регистрација на лековите и медицинските помагала. Делот за АТЦ класификацијата е дел од ова единица како битен сегмент од квалификациониот систем прифатен од СЗО.

XI. Квалитет на лекот – тематска единица во која се дефинира квалитетот на лекот и начинот на унапредувањето на квалитетот на услугите во фармацијата кој се постигнува со примена на следните стандарди и прописи:

- Добрите пракси во областа на лековите;
- Стандардите за квалитет ISO 9001:2000 и
- Законот за лековите и медицинските помагала.

XII. Аптека и болничка аптека – дел во кој се дефинира поимот аптека согласно со Законот за здравствена заштита, основните простории кои треба да ги содржи за одвивање на дејност, дефинирање на медицинските средства и медицинските производи според европската литература, како и начините на повлекување и уништување на лекови и ставање на забрана за промет. Битен сегмент од ова единица е и делот кој се однесува на индивидуалните права на пациентите.

Втор дел од ова единица е посветен на дефинирањето на болничката аптека, воведувањето на стандарди во фармацевтската пракса како клучно за современата добра болничка пракса

XIII. Етика во фармацевтската пракса – тематска единица која се однесува на основите на професионалните должности на фармацевтот како здравствен работник, основните кодекси на професионалната етика.

10. **Претпостатавен интерес на научната и другата јавност за која е наменет трудот**

Како нов труд од ваков вид кај нас, истиот ќе предизвика интерес кај сите оние што се занимаваат со фармацевтска дејност или имаат професионален контакт со одредени области од фармацијата.

11. **Резиме на трудот**

Во скриптата се нагласува дека нејзината содржина ќе помогне да се развие рационален пристап на проблемите во праксата, заснован на докази изведени од научни истражувања со што се даваат можности за стекнување поширoки знаења од теорија и практика кои во одредени моменти ќе им биде од корист на сите кои се образуваат и работат во областа.

12. **Други напомени за трудот**

Скриптата ја разработува проблематиката на основните содржини што ја дефинираат професијата и да овозможи на студентите да го разберат обемот и суштината на практичната работа на фармацевтот и неговото место во системот на здравствената заштита, индустриското производство, регулаторните тела и истражувачката работа.

13. **Препорака за печатење**

Скриптата „**ВОВЕД ВО ФАРМАЦИЈА**“ е материјал што ќе биде од основна важност за студентите на фармација, но и за сите останати кои треба да ги познаваат основните стандардни за работа на еден фармацевт.

Поради ова, со големо задоволство препорачуваме трудот да биде објавен како скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Ѓоргеска, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Јаневиќ, с.р.**